Врз основана член 37 став 1 алинеа 5 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, Извршниот одбор на состанокот одржан на ден 04.09.2025 година го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗБОР, ФИНАНСИРАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕРЕПРЕЗЕНТАТИВНИСЕЛЕКЦИИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат и уредуваат составот, изборот, финансирањето и наградувањето на репрезентативците и селекторитена државните репрезентации на Карате федерацијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст КФРСМ).

При примената на одредбите од овој Правилник се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Изборот, финансирањето и наградувањето на репрезентативците ќе се врши според постигнатите резултати, а во согласност со одредбите од овој Правилник, Законот за спорт, актите на Агенцијата за млади и спорт, Олимпискиот комитет на Република Северна Македонија, како и Статутот на КФРСМ.

**Член 2**

Селекторите на државната репрезентација се стручни лица на КФРСМ со индивидуални права и одговорности пред Извршниот одбор и истите се надлежни за подготовка на репрезентацијата на Република Северна Македонија во сите возрасни категории (во понатамошниот текст –СЕЛЕКТОРИ на државна репрезентација).

Селекторот на државната репрезентација за сениори во борби и ката и Селекторот на државната репрезентација за млади, кои учествуваат на Олимписки игри за сениори и млади, предлагаат Стручен тим кој го избира Извршниот одбор на КФРСМ.

**Член 3**

Селекторите на државната репрезентација се избираат за период кој го определува а Извршниот одбор на КФРСМ.

**Член 4**

Карате спортот на Република Северна Македонија, на сите меѓународни натпревари го претставува државна репрезентација составена од каратисти регистрирани во Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

Сите официјални настапи на репрезентацијата се утврдуваат со годишната програма за меѓународни настапи и Календарот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, усогласени со календарот на Европската (EKF) и Светската (WKF) карате федерација, ја донесува Извршниот одбор на КФРСМ.

**Член 5**

Репрезентациите на КФРСМ учествуваат на официјалните Европски и Светски првенства организирани од EKF и WKF и на Европски олимписки игри и Олимписки игри организирани од ЕОК и ИОК.

**2. ДРЖАВНИ КАРАТЕ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ**

**Член 6**

Државните карате репрезентации се организираат на следниот начин:

**А) За настап на Олимписки игри**

1. репрезентација за сениори/ки во кумите и ката индивидуално;
2. репрезентација за млади во кумите и ката (16-18 години во годината на одржувањето на Олимписките игри за млади).

**Б) За настап на Балканско првенство, Медитеранско првенство, Медитерански игри, Европско првенство и Светско првенство**

1. репрезентација за сениори/ки во ката и кумите индивидуално и екипно;
2. репрезентација за јуниори/ки до 21 година во ката и кумите индивидуално.
3. репрезентација за јуниори/ки во ката и кумите индивидуално.
4. репрезентација за кадети/ки во ката и кумите индивидуално.
5. репрезентација за кадети/јунири во ката екипно.
6. репрезентација за натпреварувачи од 10-13 години во кати и кумите индивидуално и ката екипно.

**Член 7**

Извршниот одбор на КФРСМ¸ по правило за секоја репрезентација избира по еден селектор на државна репрезентација.

Извршниот одбор, по сопствена процена, може да избере еден селектор за повеќе репрезентации или за една репрезентација да избере два селектори.

**3. СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕЦ**

**А) Услови за избор на репрезентативци за Олимписки игри**

**Член 8**

Условот за избор на репрезентативци за настап на Олимписки игри го утврдува за секој олимписки циклус Меѓународниот олимписки комитет.

**Б) Услови за избор на репрезентативци во сениорска,У21,јуниорска и кадетска категорија за Светско,Европско,Медитеранско и Балканско првенство**

**Член 9**

Стекнување на статус на репрезентативец во сениорска,У21,јуниорска и кадетска категорија за Светско,Европско,Медитеранско и Балканско првенство се следните:
Сите натпреварувачи кои се кандидати во одредена категорија стартуваат под исти услови, без пренесување на резултат од претходната година.

Критериумите за стекнување статус на репрезентативец за Светско,Европско,Медитеранско и Балканско првенство,се резултатите од:
- Државното првенство или Куп на Македонија

На Европското и Светско првенство според правилата на EKF и WKF настапува прво рангираниот кандидат согласно критериумите на КФРСМ,а на Медитеранско и Балканско првенство според правилата на KFB и MKFU настапуваат прворангираните кандидати согласно критериумите на КФРСМ

Критериумите за стекнување статус на репрезентативец за Светско, Европско, Медитеранско и Балканско првенство за сениорска, У21, јуниорска и кадетска категорија
- Државното првенство или Куп на Македонија

Комбиниран натпревар со Куп систем и Лига систем (Раунд-Робин)

Во зависност од бројот на натпреварувачи во категоријата:

**-2 натпреварувачи во категорија:**меѓу себни борби до две победи на еден натпреварувач

-**3 или 4 натпреварувачиво категорија:** директно се применува Лига систем (**Round-robin**)

**-5 и 6 натпреварувачиво категорија:** се одредуваат 2 носители според селектор на соодветна возрасна категорија и предходни резултати **и сите натпреварувачи преминуваат во Куп систем до финале и победник на репасажи.Финалистите и победниците во репасаж** продолжуваат во Лига систем (**Round-robin**).Така се добиваат 4 натпреварувачи и се применува Лига систем (**Round-robin**)

-**7 и повеќе натпреварувачиво категорија:** се одредуваат 4 носители според селектор на соодветна возрасна категорија и предходни резултати **и сите натпреварувачи преминуваат во Куп систем до финале и победник на репасажи.Финалистите и победниците во репасаж** продолжуваат во Лига систем (**Round-robin**).Така се добиваат 4 натпреварувачи и се применува Лига систем (**Round-robin**)

**Round-robin кружен систем секој со секого**

**БОРБИ**

| | | |
|---|---|---|
| **победа** | **3** | **бода** |
| **нерешено со освоени поени без „сеншу“** | **1** | **бода** |
| **нерешено без освоени поени** | **0** | **бода** |
| **пораз** | **0** | **бода** |

**Табела 1,2,3,4 место според бројот на освоени бодови**

**Во случаи кога има нерешено помеѓу 2 или повеќе натпреварувачи кои имаат ист број на вкупни бодови, критериумите подолу ќе се применат по наведениот редослед. Ова значи, ако се најде победник по еден од критериумите, нема да мора да се применуваат следните критериуми.**

| **БОРБИ** | |
|---|---|
| **1** | **Победникот во меѓу себе борбата** |
| **2** | **Поголем број на вкупно освоени победи низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **3** | **Помал број на вкупно порази низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **4** | **Подобра поен разлика помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |

| | |
|---|---|
| **5** | **Подобра поен разлика низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **6** | **Повеќе освоени поени помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **7** | **Повеќе освоени поени низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **8** | **Помалку изгубени поени помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **9** | **Помалку изгубени поени низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **10** | **Поголем број на освоени Ippons помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **11** | **Поголем број на освоени Ippons низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **12** | **Помал број на изгубени Ippons помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **13** | **Помал број на изгубени Ippons низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **14** | **Поголем број на освоени Waza-Aris помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **15** | **Поголем број на освоени Waza-Aris низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **16** | **Помал број на изгубени Waza-Aris помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **17** | **Помал број на изгубени Waza-Aris низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **18** | **Поголем број на освоени Yukos помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **19** | **Поголем број на освоени Yukos низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **20** | **Помал број на изгубени Yukos помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **21** | **Помал број на изгубени Yukos низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **22** | **Повисок светски рејтинг на денот на натпреварот** |
| **23** | **Екстра меч со Хантеи** |

**Можно е натпреварувачот да биде дисквалификуван од борбата (ХАНСОКУ) и да го продолжи натпреварот. Во овој случај, противникот ја добива таа борба со 4-0 (се смета за ЈУКО) или за кој било резултат поголем од 4 поени.Остануваат резултатите од претходните натпревари.**

**Ако натпреварувачот е дисквалификуван или поради некоја друга причина не ги заврши сите борби во Round-robin кружниот систем, резултатите од завршените или тековните борби ќе бидат прогласени за неважечки (резултатите поништени), а неговите победничките поени се одземаат,**

**освен ако тоа не е последен натпревар во Round-robin кружен систем, во тој случај сите досегашни резултати и бодови остануваат непроменети.**

**<u>КАТИ</u>**

| | | |
|---|---|---|
| **победа** | **3** | **бода** |
| **пораз** | **0** | **бода** |

**Табела 1,2,3,4 место според бројот на освоени бодови**

**Во случаи кога има нерешено помеѓу 2 или повеќе натпреварувачи кои имаат ист број на вкупни победи, критериумите подолу ќе се применат по наведениот редослед. Ова значи, ако се најде победник по еден од критериумите, нема да мора да се применуваат следните критериуми.**

| **КАТИ** | |
|---|---|
| **1** | **Победникот во меѓу себе борбата** |
| **2** | **Поголем број на вкупно освоени победи низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **3** | **Подобра поен разлика помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **4** | **Подобра поен разлика низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **5** | **Повеќе освоени поени помеѓу изедначени те натпреварувачи во Round-robin кружен систем** |
| **6** | **Повеќе освоени поени низ сите борби во Round-robin кружен систем** |
| **7** | **Повисок светски рејтинг на денот на натпреварот** |
| **8** | **Екстра меч** |

**Во Round-robin кружен систем, можно е натпреварувач да биде дисквалификуван од настап и уште да го продолжи натпреварувањето.Во тој случај, противникот ја добива таа борба, а резултатите од други борби остануваат.**

**Ако натпреварувачот е дисквалификуван или поради некоја друга причина не ги заврши сите борби во Round-robin кружниот систем, резултатите од завршените или тековните борби ќе бидат прогласени за неважечки (резултатите поништени), а неговите победничките поени се одземаат, освен ако тоа не е последен натпревар во Round-robin кружен систем, во тој случај сите досегашни резултати и бодови остануваат непроменети.**

**Член 10**

Доколку никој од натпреварувачите не ги исполниле критериумите од член 9 од овој Правилник, во тој случај Селекторот на соодветната државна репрезентација може да достави предлог

за најмногу пет натпреварувачи кои не ги исполниле поставените критериуми, под услов да оствариле две победи на било кој натпревар од член 9 од овој Правилник, и да бидат избрани за репрезентативци.

Предлогот од ст.1 од овој член, селекторот во писмена форма го доставува за секој поединец посебно до Извршниот одбор на КФРСМ.

**Член 11**

Во случај да се појави, натпреварувач кој се стекнал со статусот репрезентативец, а неможе да настапи на Балканско,Медитеранско,Европско или Светско првенство (поради болест, промена на возрасна категорија и други оправдани причини), тогаш изборот на репрезентативец кој ќе биде замена може да се предлага од наредно рангираниот во соодветната категорија кој се разгледува како посебен случај кој мора да помине низ следната процедура:

1. Селекторот на соодветната државна репрезентација доставува предлог до ИО на КФРСМ.
2. Извршниот одбор на КФРСМ одлучува дали тој репрезентативец може да биде заменет со друг, под услов ако се утврди дека истиот има квалитет за таков ранг на натпревари.

**Член 12**

Ранг листите на натпреварувачите за освоените бодови согласно методологијата од член 9 од овој Правилник претставуваат јавен документ и јавно се објавуваат на ВЕБ страната на КФРСМ, после секој натпревар.

Репрезентативец на КФРСМ за учество на Европско, односно, Светско првенство е натпреварувачот кој што е прво рангиран согласно табелите дадени во член 9
Клубовите можат да поднесуваат приговори најкасно во рок од 3 дена од објавување на ранг листата на ВЕБ страната.

**Член 13**

За натпреварите во екипна конкуренција во кумите Селекторот на државната репрезентација има дискреционо право слободно да го состави тимот, под следните услови:
Изборот за екипата да биде направен од:

1. Натпреварувачи кои во тековната година се рангирани од 1-3 место на Државното првенство / изборен турнир - „Куп на Македонија“ за Европско,Светско,Балканско,Медитеранско првенство;
2. Натпреварувачи кои учествувале на Државното првенство / изборен турнир- Куп на Македонија за Европско, Светско, Балканско, Медитеранско првенство, и не оствариле пласман но во последните 2 год. освоиле медал на Светско првенство, Европско првенство, Балканско првенство, Премиер лига или Светски куп;
3. Натпреварувачи кои покажале одговорност, дисциплинираност, потребен квалитет и добра спортска форма при извршување на поставените задачи за време на подготовките и контролните турнири.

**Член 14**

Деца од 10-13 години стекнуваат статус на репрезентативци само со постигнати резултати и освоен пласман на Државно првенство по Куп систем со репасаж

**Член 15**

Репрезентативецот мора да ја носи репрезентативна опрема за која што ќе одлучат надлежните органи на КФРСМ.

Репрезентативецот задолжително мора да патува и се смести за време на подготовки, турнири и првенства, заедно со останатите репрезентативци во условите кои ќе ги одреди Извршниот одбор на КФРСМ.

Репрезентативецот кој нема да патува заедно со официјалната делегација и репрезентацијата на КФРСМ, нема да биде пријавен на натпреварот.

Репрезентативецот мора да покаже максимална дисциплинираност и исполнување на зададените задачи за време на тренинг, подготовки, патување и првенства.

Репрезентативецот мора да биде присутен во текот на подготовки кои ќе бидат одредени од страна на Федерацијата.

Селекторот на репрезентација да има право да исклучи од репрезентација или забрани за настап на репрезентативец кој не се придржува на зададените правила од став 1, 2, 3 и 5 од овој член.
На одлука на Селекторот на репрезентација за време на натпреварот, репрезентативецот и клубот немаат право на жалба.

Репрезентативецот кој што ќе биде исклучен од репрезентацијата или ќе му се забрани право на настап на Балканско, Европско или Светско првенство нема да биде пријавен за учество на соодветното првенство за кое се однесува забраната или исклучувањето од страна на Селекторот на државната репрезентација.

Репрезентативец кој смета дека му се повредени правата во смисла на одредбите од овој правилник, има право на приговор до Извршниот одбор во рок од 3 дена по завршување на соодветниот натпревар.

**Член 16**

Конечниот список на натпреварувачи за учество на Балканско, Европско или Светско првенство на предлог на Селекторот на државната репрезентација го усвојува Извршниот одбор на КФРСМ.

## 4. ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Член 17**

Селекторот на државна репрезентација доставуваат свои планови и програми преку канцеларијата на КФРСМ до Извршниот одбор на КФРСМ, најдоцна до првата недела на декември за наредната календарска година.

**Член 18**

Планот и програмата мора да содржат официјални подготовки на државните репрезентации како и подготвителни натпреварувачки активности за официјалните натпревари (во согласност со однапред предвидениот буџет од страна на ИО на КФРСМ за таа намена.)

**Член 19**

Сите активности кои се однесуваат на репрезентативните селекции и се одобрени од страна на Извршниот одбор на КФРСМ, мора да се внесат во календарот на активности на КФРСМ.

## 5. ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 20**

Покана за репрезентативна активност на репрезентативецот се доставува исклучиво до клубот преку канцеларијата на КФРСМ.

**Член 21**

Рок за доставување на информациите до клубовите е најмалку 7 дена пред планираната акција.

## 6. ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 22**

Извештаи и анализи селекторите на државна репрезентација доставуваат до ИО на КФРСМ најдоцна 3 дена по завршената активност.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ

**Член 23**

Трошоците за настап на репрезентативците на меѓународни првенства (Балканско првенство, Премиер лиги, натпревари од Серија А, Медитеранско првенство, Медитерански игри,) паѓаат на терет на клубовите и натпреварувачите.

А Трошоците за настап на репрезентативците на меѓународни (Европски и Светски првенство), паѓаат на терет на КФРСМ рамномерно поделени на сите натпреварувачи зависно од висина на финансиите на КФРСМ .

КФРСМ ги рефундира трошоците за учество заедно со трошоците за подготовки, како и трошоците за наредното Европско, односно Светско првенство, доколку репрезентативецот ги освоил следните резултати:

- Сениори кои освоиле 1-5 место на Европско или 1-7 место на Светско првенство во ката или кумите индивидуално, доколку оствариле минимум две постигнати победи;

- Јуниори од 18 до 21 година кои освоиле 1-5 место на Европско или 1-7 место на Светско првенство во ката или кумите индивидуално, доколку оствариле минимум две постигнати победи;

- Јуниори кои освоиле 1-3 место на Европско или 1-5 место на Светско првенство во ката или кумите индивидуално, доколку оствариле минимум две постигнати победи;

- Кадети кои освоиле 1-3 на Европско или 1-5 на Светско првенство во ката или кумите индивидуално, доколку оствариле минимум две постигнати победи.

КФРСМ ги рефундира трошоците за учество заедно со трошоците за подготовки, како и трошоците за наредното Европско, односно Светско првенство, доколку резултатите наведени во став 1 од овој член се постигнати и во екипно натпреварување.

Не се врши рефундирање на трошоци за наредното соодветно првенство ст.1 од овој член, освен ако натпреварувачот освои златен медал, и покрај постигнатиот резултат, ако натпреварувачот премине во друга категорија, или ако премине од кадет во јуниор од јуниор во У21 или од У 21 во сениор.

**Член 24**

Извршниот одбор на КФРСМ, по претходно определен буџет, со одлука може да ги награди натпреварувачите и другите лица кои постигнале врвен резултат, а се од посебно значење на КФРСМ, на предлог на Селекторот на државната репрезентација.

**Член 25**

Кога на Светско или Европско првенство е постигнат врвен резултат, КФРСМ доставува предлог до АМС за наградување на:

- натпреварувачите,
- селекторитенадржавнатарепрезентација и
- клубскитетренери.

Одлуказанаграда, надоместзастручнатаработа и исплатанадневницинаселектори– селектори надржавнарепрезентација и другиофицијалнилицадонесуваИзвршниотодборна КФРСМ.

**8. СЛУЖБЕНА ОПРЕМА**

**Член 26**

За сите Селектори – селектори на државна репрезентација и државните репрезентативци на официјалните подготовки и натпревари е задолжително да настапуваат во пропишана спортска опрема од КФРСМ.

**Член 27**

За сите Селектори – селектори на државна репрезентација и државните репрезентативци е задолжително носењето на свечена официјална облека од КФРСМ доколку за тоа има потреба (официјални манифестации, приеми и сл).

**9. ИЗБОР НА СЕЛЕКТОРИНА ДРЖАВНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА**

**Член 28**

Селекторите на државна репрезентација ги избира ИО на КФРСМ врз основа на Конкурс.

**10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 29**

Сите преставници КФРСМ во своите официјални активности мораат во потполност да ги почитуваат правилата на КФРСМ, БКФ, ЕКФ, СКФ, ОКСМ, ЕОК и ИОК.

**Член 30**

При примената на овој Правилник, КФРСМ, во рамките на можностите, а во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација и меѓународните договори кои се дел од внатрешниот правен поредок, ќе применува специјални мерки (позитивна дискриминација) кои имаат за цел да поттикнат поголема еднаквост преку поддршка на групи луѓе кои се соочуваат или историски се соочувале со вкоренета дискриминација, со цел тие да имаат сличен пристап до можностите како и другите во заедницата.

**Член 31**

Во случај на непочитување на пропишаните норми, секој поединец ќе сноси дисциплински одговорности во склад со нормативните акти на КФРСМ.

**Член 32**

Толкување на одредбите од овој правилник дава Извршниот одбор на Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

**Член 33**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка како за негово донесување.

**Член 34**

Со усвојување на овој Правилник престанува да важи и да се применува Правилникот за избор и работа на државните репрезентативни селекции на Република Северна Македонија во карате спортот (пречистен текст) од 20.07.2022 година.

**Член 35**

Овој Правилник стапува на сила во рок од 7 дена од денот на негово донесување.

Дејан Чолески,
Претседател на Карате Федерација на Република Северна Македонија